**ИПАРД форум: „Нови измени во ИПАРД Програмата - подобри можности за користење на европските фондови“**

Во тек е ИПАРД форумот „Нови измени во ИПАРД Програмата - подобри можности за користење на европските фондови“, кој има за цел запознавање на заинтересираните чинители во процесот со суштинските измени во ИПАРД Програмата.



Организатори на форумот се Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Агро - бизнис комората при Сојузот на стопански комори и Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој. Досега се одржани информативни состаноци со Сојузот на стопански комори на Македонија, Стопанската комора на Македонија –соодветните секции, Федерацијата на фармери и група инволвирани консултантски куќи. Интензивната кампања на запознавање на јавноста со новите можности што ги нуди Програмата (воведување на базична механизација, машински прстени, зголемување на сумите за кофинансирање, промена на профилот на потенцијални корисници) ќе продолжи и во наредниот период за сите заинтересирани субјекти.